Почитувани сограѓани,

Јас сум Анета Симеска-Димоска, дипломиран инженер технолог, вработена, сопруга, мајка на три малолетни деца и ја барам Вашата подршка како кандидат за градоначалник на Македонски Брод. Со политика се занимавам подолг временски период, бев советник во општината Македонски Брод од 2009 до 2013 година, а од 2009 до 2011 год ја извршував функцијата претседател на Советот на општината.

Македонски Брод, градот кој се наоѓа во срцето на Македонија, го замислувам како модерна општина во која ќе има инвестиции и отворање на нови работни места, во која ќе проектираме и планираме изградба на локални патишта и сообраќајници, модерно уредени паркови и зеленило, пешачки патеки, спортски терени и игралишта.

Модерна и развиена општина која ќе биде препознатлива туристичка дестинација со развиен селски, планински и спортски туризам.

Град со регулирано речно корито и кеј на реката Треска. Со современ водовод и канализација во секое населено место.

Град изграден по мерка и желба на граѓаните, град на задоволни граѓани од услугите на општината и задоволни пензионери со дневен центар за стари и изнемоштени лица.

Град кој на младите им нуди услови за вработување, квалитетни културно – образовни содржини, спорт и забава, пристоен живот. Град кој им нуди иднина.

Време е за развој!

Време е за нови работни места !

Време е за просперитет!

Време е за нова иднина !

За Македонски Брод со кој ќе се гордееме!

Придружете ни се!

Со почит,

Анета Симеска-Димоска

# Инфраструктура

## Енергија

- Осветлување

***Проблем:***

Голем број граѓани постојано се жалат дека во одредени делови од градот и населените места подолг временски период нема улично осветлување и дека дефектите не се отстрануваат навремено иако тие редовно плаќаaат комунална такса за улично осветлување.

***Решение:***

Редовното одржување на јавното осветлување ќе се изведува преку составување на пријава – барање од страна на граѓани, месни и урбани заедници и ќе се однесува за дефект на улично осветлување и за проширување на улично осветлување. Исто така ќе се вршат редовни контроли,  теренски увиди за согледување на состојбите, отсранување на утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Редовното одржување преку замена на елементи ќе го врши стручна служба која ќе ја утврди Комисијата за јавни набавки преку спроведена тендерска постапка.

## Водовод и канализација

***Проблем:***

Во општина Македонски Брод дел од водоводниот систем се уште е со стари азбестни цевки, нема обезбеден алтернативен систем за водоснабдување, а некои населени места се уште не се приклучени кон регионалниот водовод „Студенчица“. Во некои некои  населени места дури и нема водоводна мрежа.

***Решение:***

Во текот на 2013 година ќе биде извршена реконструкција и замена на сите азбестни цевки во градскиот водовод и ќе се изврши обнова на водоводната мрежа

со замена на азбест цементни цевки на улиците „Јане Сандански“, „15 –та Бригада“ и „Партизанска“.

Во текот на мандатот ќе се изгради алтернативен извор за водоснабдување на Македонски Брод од изворот Песјак и од Бушева планина кој ќе ја подобри снабденоста на вода во градот.

Во 2013 ќе се изврши ќе се изврши детектирање и отстранување на сите детектирање и отстранување на сите губитоци на вода како и регулација на притисокот на водата, што во овој момент преставува голем проблем за работата на Јавното претпријатие кое има големи загуби на вода .

До крајот на 2013 година ќе се изгради цевковод за приклучување на село Латово од регионалниот водовод „Студенчица“ за снабдување со вода.

До крајот на 2013 година ќе се изврши доизградба на водоводна мрежа за село Грешница .

За време на мандатот ќе се изградат водоснабдителни системи за населените места

- водоснабдителен систем за селата селата Црешнево и Старовци

- водоснабдителен систем за селата Ковче,Долно и Горно Зркле и Сушица

- водоснабдителен систем за населено место Инче и манастирот „Света Богородица

***Проблем:***

Во општина Македонски Брод нема изработено катастар на канализациона мрежа и некои шахти не се клучени во колекторскиот систем. Дополнителен проблем претставува фактот што некои населени места воопшто не се приклучени на канализациона мрежа.

***Решение:***

Во 2013 година ќе биде изработен подземен катастар на канализационата мрежа.

Во првите две години од мандатот сите шахти ќе бидат вклучени на колекторскиот систем, при што ќе биде ставена во функција и прочистителната станица во Самоков

До крајот на 2013 година ќе се изгради фекална канализациона мрежа за населба ,,Сувенир'' во с. Самоков.

До крајот на 2014 година ќе се изгради фекална канализациона мрежа за населба Долни –Звечан до с. Самоков

***Проблем:***

Сведоци сме дека при обилни дождови доаѓа до преливање на атмосферската вода над каналите кои се направени за прифаќање на атмосферската вода од причини што не се одржуваат редовно и служат како места за фрлање на отпадоци.

***Решение:***

Во првата година од мандатот ќе бидат исчистени и каде што има потреба реконструирани сите сливници за прифаќање на атмосверските води и истите редовно ќе се одржуваа, односно чистат.

До крајот на 2013 ќе бидат изградени решеткасти сливници и поставување на цевки за зафаќање на површински води на улиците Илинденска“, „Браќа Миладиновци“, „7-ми септември“ и „Душан Митрески“ во Македонски Брод .

До крајот на 2014 год.ќе биде изградена атмосферска канализација во с. Самоков во должина од 150 м.

До крајот на 2014 година ќе биде изграден канал за прифаќање на атмосферските води помеѓу ул.„Душан Митрески“ и „Крушевска Република“и доизградба на каналот Лоштица до излезот во река Треска

# Урбанизам

- Зелени катчиња

***Проблем:***

Со години наназад сведоци сме на крајно неодговорен однос и тотална негрижа на надлежните органи и институции во општината за парковите и зелените површини и културно историските споменици во градот и околината.Паркот на влезот во градот

во непосредна близина на патот Кичево–М.Брод веднаш до мостот на реката Треска е во целосно руинирана состојба, тревата е целосно уништена, клупите за седење се неупотребливи и речиси да ги нема, осветлувањето е многу лошо или целосно го нема, фонтаната е руинирана и не работи, а споменикот е оштетен од сите страни и потребна му е итна реконструкција. Исто така просторот околу споменикот на паднатите борци на Калето е во катастрофална состојба, зеленилото не се одржува воопшто, нема поставено клупи за седење, нема никакво осветлување, уништена е оградата од споменикот и извадени се одредени симболи од истиот.

***Решение:***

Уште во текот на 2013 година паркот на влезот од градот ќе биде целосно со нова трева и новозасадени цвеќиња, ќе се постават ниски украсни канделабри и столбови со економични светилки за постигнување на пријатен амбиент за седење во вечерните часови, клупите ќе бидат целосно реновирани и ставени во функција, фонтаната ќе се реставрира и ќе се стави во функција, а споменикот ќе биде реновиран на оштетените делови, ќе му биде ставена нова фасада и ќе се заменат буквите и посветата на спомен плочата.

# Сообраќај

- Изградба, пробивање и асфалтирање на улици

***Проблем:***

Во Општина Македонски Брод се уште има улици кои не се асфалтирани, а оние кои се асфалтирани немаат соодветни тротоари за пешаците. Една од главните улици „Партизанска“ нема соодветна сигнализација и по целиот тек е ископана со дупки, додека тротоарот поради разните зафати е оштетен .

***Решение:***

До крајот на 2014 ќе се изврш и реконструкција на улица „Партизанска“ и ќе се направи нов тротоар по истата, ќе биде поставена патна сигнализација и осветлување.

Во текот на 2014 ќе бидата доасфалтирани сите неасфалтирани улици во Македонски Брод: ул. „Иво Лола-Рибар“, ул. „Илинденска“, ул.„Маршал Тито“, делот кон градскиот стадион, ул. ,,Даме Груев“, ул. ,,Димитар Влахов“, ул. ,,Пере Тошев“, ул. ,,7-ми Септември“ делот кон споменик на Кале ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ и ул. „Михајло Пупин“.

Конечно, редовно ќе се одржуваат сите локални патишта до сите населени места.

- Мостови

***Проблем:***

Мостот на река Треска во централното градско подрачје не е доволно широк за безбедно движење на пешаците, а поголемиот дел од локалните мостови немаат огради за заштита.

***Решение:***

До 2015 година ќе биде извршена целосна реконструкција на мостот на река Треска во централното градско подрачје, при што ќе се прошират тротоарите на мостот и ќе се постави соодветно осветлување.

Во 2013 на локалните мостови ќе се поставаат соодветни заштитни огради.

- Паркинзи

***Проблем:***

Во Македонски Брод се уште нема организиран простор за паркинг на товарните и лесните возила.

***Решение:***

Во текот на 2013 ќе биде направен соодветен паркинг простор за товарните и за леките возила во централното градско подрачје.

## Пазари

***Проблем:***

Градскиот пазар во Македонски Брод не ги исполнува соодветните услови за зелен пазар и нема соодветна локација.

***Решение:***

До крајот на 2014 година ќе биде извешена дислокација на постоечкиот пазар и ќе биде изграден нов модерен и покриен Градски Пазар кој ќе ги задоволува сите стандарди.

## Речно корито

***Проблем:***

Речното корито на река Треска се уште не е доуредено од двете страни на реката, односно нема уреден кеј.

***Решение:***

Во текот на мандатот ќе биде изграден кеј од двете страни на реката Треска во централното градско подрачје по сите стандарди и ќе бидат уредени пешачки и велосипедски патеки по текот на речното корито.

Речното корито редовно ќе биде чистено и одржувано.

## Наводнување

***Проблем:***

Во Македонски Брод нема изградено систем за наводнување на обработливите површини.

***Решение:***

До 2014 ќе биде изграден систем за наводнување на обработливите површини кои се во близина на река Треска.

# Инвестиции
# и економски развој

## Економски развој

***Проблем:***

Општината Македонски Брод нема уредена локација за развивање на индустријата, односно индустриска зона што претставува еден од основните предуслови за влез на домашни и странски инвестиции во општината и економски развој на истата. Во општината практично и да не постојат производни капацитети. Најголемиот број на вработени се во администрација, образование, здравство, војската и полицијата. Приватниот сектор е сведен на маалски продавници, услужни дејности и угостителски објекти кои се на работ на егзистенција и кои претежно се семејни бизниси.

***Решение:***

Во текот на 2013 година ќе започнеме со урбанизација и изградба на комунална инфраструктура во индустриската зона, со што ќе се овозможи влез на домашни и странски инвестиции. Ќе формираме слободна економска зона со што ќе се подобри бизнис климата во општината. Ќе се промовираат можностите за инвестирање со бенефиции за сите субјекти кои ќе отворат нови работни места. Посебни бенефиции за вработување на самохрани мајки, млади лица и стечајни работници. Инвеститорите ќе бидат ослободени од локални такси и даноци во зависност од бројот на нови вработувања. Општинската администрација ќе се вклучи во во остварувањето на оваа цел преку создавање на инфо центар со едношалтерски систем. Општината ќе обезбедува лесен пристап на информации за стопанските субјекти во однос на проекти и донации. Општината ќе поттикнува и ќе ги подржува странските партнерства со стопанските субјекти од општината и ќе обезбедува соработка и изнаоѓање на пазари на сопствените стопански субјекти.

***Проблем:***

Руралните средини во општината се на праг на изумирање. Населени со по неколку жители, претежно стари лица, кои примаат социјална помош или пензии и без инфраструктура и можности за развој.

***Решение:***

Ќе ја подобриме инфраструктурата во руралните средини за создавање на можности за развој на стошарството и земјоделството и ќе воведеме стимулации и едукација на заинтересираните за производство на зрнесто овошје, органска храна и други еколошки чисти производи. Посебно ќе ги стимулираме сите оние кои ќе сакаат да се вратат од градските средини во своите стари огништа. За пласман на своите производи и плодовите кои се собираат на територијата на општината како костен, орев и др.  До крајот на 2014 година, со помош на јавно приватно партнерство, ќе изградиме центар за откуп и пласман на овие производи со што ќе имаат загарантиран пласман.

***Проблем:***

Во централното градско подрачје нема трговски центар кој би дал посебен лик на градот во кој би биле сместени деловни објекти од разни дејности и со тоа би се отвориле нови работни места.

***Решение:***

Во 2013 година  Градоначалникот со одлука на советот предводен од Сојузот на иднината  ќе започне со активности за изнаоѓање на инвеститор за  изградба на трговски центар во централното градско подрачје .

# Подобри услуги за граѓаните

- Администрација

***Проблем:***

Имајќи ги во предвид карактеристиките и квалитетот на инфраструктурното уредување на градот сведоци сме на многу чести дефекти на мрежите, прекини во снабдувањата, неизвршување на одредени услуги и сл. Периодот до реагирањето на надлежните за отстранување на ваквите аномалии е доста голем што оди на огромна штета на граѓаните.

***Решение:***

Уште во текот на 2013 година, Градоначалникот и советот на „Сојузот за иднината" ќе формираат нова служба односно сервис на граѓаните. Новиот сервис или „Служба -24" ќе биде организиран за 24-часовно примање на повици од граѓаните во врска со настанати дефекти на електричната мрежа, водоводната мрежа, канализацијата, оштетување на патиштата, објектите, како и сите други проблеми и загрозувања што можат да се појават во секојдневното живеење.

Службата веднаш по приемот на информацијата ќе реагира на барањето и ќе пристапи кон најитно решавање на настанатиот проблем со непосреден ангажман или активирање на надлежните институции во општината.

- Побрзо вадење документи

***Проблем:***

Сведоци сме на фактот дека секогаш кога треба да остварат некое свое право односно да извадат некаква документација од надлежните органи во ЕЛС граѓаните се уште се шетат од врата до врата и од служба до служба. Не се информирани каде можат да ги добијат формуларите.

***Решение:***

Градоначалникот и советот на „Сојузот за иднината“ уште веднаш, а најдоцна во првите шест месеци од мандатот ќе воведат целосно организиран и функционален едношалтерски систем. Граѓаните ќе бидат примени на едно место каде што ќе го искажат и поднесат своето барање, а вработени во стручните служби на ЕЛС ќе го завршат целиот процес на прибирање на документација од сите надлежни служби и на крајот од истото тоа место граѓаните ќе ги подигаат конкретните документи без шетање, трошоци и одолговлекување на рокови. Воедно сите потребни формулари од областа на комунални работи, локален економски развој, одделението за урбанизам, администрирање на приходи и други формулари од надлежност на подрачните министерства ќе бидат објавени на веб страната на оптината.

- Јавен превоз

***Проблем:***

Во нашата општина во населените места живее претежно сиромашно население и повеќето се стари лица, немаат соодветна здравствена заштита и поголем дел од потребите за намирници лекарства ги остваруваат во Македонски Брод.

***Решение:***

Еднаш месечно ќе се обезбедува бесплатен јавен превоз за стари лица, лица кои се социјално загрозени, лица со посебни потреби и други ранливи категории.

# Квалитетен живот

## Екологија и зеленило

***Проблем:***

Во општината постои едно јавно претпријатие кое се грижи за водоснабдувањето, собирање на отпадот и одржување на гробиштата, кое заради неадекватната оргазнизациона поставеност и не располагање со соодветни опрема и возила не дава соодветни услуги на граѓаните, посебно во одржувањето и управувањето со гробиштата.

***Решение:***

Веднаш по конституирањето, Советот на ошптина Македонски Брод ќе донесе одлука за нова организациона поставеност на ЈП Водовод и канализација со раздвојување на надлежностите за управување со отпадот и управување и одржување со гробиштата.

Новоформираното ЈП кое ќе ги преземе сите надлежности согласно законот за гробишта, а посебно со изградба на придружни објекти, изградба на патеки и зеленило. Постојното, ЈП ќе ги задржи сите активности за квалитетно управување со отпадот, при што ќе преземе чекори за обезбедување канти за селектирање на отпадот и до крајот на 2013 година, преку кредитно задолжување во кое гарант ќе биде општината, ќе набави ново возило за собирање на отпадот.

## Спорт

***Проблем:***

Еден од сегментите по кои Македонски Брод беше секогаш препознатлив и познат во целата наша земја секако е фудбалот и поранешниот, а сега веќе непостоечкиот фудбалски клуб Пролетер, кој своевремено постигнуваше респектабилни успеси и се носеше рамо до рамо со многу поголеми клубови. Пролетер, во своите најдобри времиња, стигна да се натпреварува и во втората македонска лига. Моменталната состојба со сегашниот фудбалски клуб Мирче Ацев е далеку од добра.

Клубот постигнува катастрофално лоши резултати во третата македонска лига и финансиски стои и опстојува на самиот раб на функционирањето.

Нема сериозност и професионалност во работењето, тренинзите и мотивот кај играчите и кај младината. Воедно формиран е нов клуб Порече кој започна со натпревари во категорија на пионери и кадети, а се натпреварува и во општинската лига.

***Решение :***

Во градот е неиздржливо од повеќе аспекти успешно да функционираат два фудбалски клуба. За таа цел Градоначалникот и советот на „Сојузот за иднината“ ќе обезбедат целосна поддршка и создавање на еден клуб со преземање на поголем дел од финансиската поддршка и заедно со спонзорите во Јуни 2013 година ќе се започне со сериозни припреми и тренинзи со обновениот и кадровски оформен клуб. Управата на клубот ќе биде веднаш обновена и во неа ќе влезат луѓе од фудбалот кои си ја знаат и сакаат работата со фудбалски тим, луѓе докажани како спортисти и спортски работници. Со тимот ќе раководат тренери кои ги имаат сите потребни квалификации за тоа место и тоа тренери од Македонски Брод бидејќи ние имаме таков кадар во нашата средина.

Со формирање на пионерската и кадетската школа на фудбалскиот клуб Порече за наредниот период Македонски Брод може да смета да направи добар тим кој успешно ќе се натпреварува во повисок ранг на натпреварувања. Во 2013 тимот ќе се стабилизира и со обновена и зајакната структура во 2014 година ќе се бори за влез во повисокиот ранг на натпреварување односно враќање во втората македонска лига.

## Култура

***Проблем:***

Пред 15 години Македонски Брод успеа да организира два многу успешни детски фестивала „Распеано бротче“ со кои како општина се гордеевме и бевме познати во државата. Беа издадени аудио-касети од фестивалот, а истите беа и пренесувани на МТВ. Од тие далечни 1997 и 1998 година фестивалот целосно згасна и повеќе не се одржа. Македонски Брод располага со многу квалитетни кадри од областа на

културата и посебно од областа на музиката кои можат да направат квалитет и врвни достигнувања во оваа област.

***Решение:***

Градоначалникот и советот на „Сојузот за иднината“ ќе обезбедат целосна поддршка на здружението на граѓани „Детски фестивал Распеано бротче“ за затворање на финансиската конструкција на фестивалот, како и обезбедување на непречено користење на сите ресурси со кои располага општината (моторни возила, обезбедување на простор за работа во Домот на културата, ООУ и СОУ). Фестивалот „Распеано бротче“ мора да стане еден од најголемите и најпрепознатливите брендови на нашата општина заедно со фестивалот „Велигденски Кули“ и „Костенијадата“ . Веднаш во 2013 година на почетокот на училишната 2013/2014 година ќе биде започнато со конкретни подготовки за предновогодишно одржување на обновениот детски фестивал „Распеано бротче“.

***Проблем:***

Во градот се уште нема востановена награда за лица кои постигнале резултати во областа на своето работење. Денот на општината 7 ми септември не се празнува на соодветен начин.

***Решение:***

Советот на општината ќе донесе одлука за доделување на Седмосептемвриска награда за постигнати резултати во разни области, афирмација на општината и резултати во сферата на образованието или стопанската дејност. Празникот на градот ќе се одбележува со организирање на многубројни активности кои ќе траат неколку месеци претходно, а ќе бидат заокружени на 7 ми септември.

***Проблем:***

Во градот нема градска читална и центар за странски јазици каде младите, а и повозрасните ќе ги изучуваат и усовршуваат странските јазици.

***Решение:***

Во 2013 година ќе биде отворена градска читална каде ќе можат да се читаат списанија, дневни весници, стручна, како и друга литература.

Во 2013 година со финансиска и поддршка на градоначалникот и советот на општината ќе биде отворен центар за изучување на странски јазици.